# АКТИВНОСТИ НА МХЗ

**АКТИВНОСТИТЕ** на МХЗ од претходниот број минаа во знакот на месната хералдика. Најнапред беше изработен првичниот месно хералдички систем за грбовите и знамињата на единиците на локалната самоуправа. Потоа беше изработен и стандарден конкурс, којшто беше понуден на повеќе општини. Новиот систем се примени на грбот на општина Радовиш, којашто доби хералдички грб изработен од членови на МХЗ.

Здружението „Хаемус“ организира предавање на хералдот на МХЗ – Јован Јоновски, на тема „Грбот на Република Македонија“. Во соработка со „Секој студент“ беше организирано предавање и работилница, на коишто студентите можеа да се запознаат со хералдиката и да ги направат своите први чекори во креирањето грбови. Истата можност ја имаа и децата на работилницата, организирана од „СЕНД Интернешнал“.

Секретарот на МХЗ, Александар Гижаровски, оствари посета на „Про Хералдика“ во Штутгарт и на еден од најистакнатите соработници д-р Ролф Сутер. Исто така, Гижаровски ја посети и хералдичката канцеларија на Литванија, како и Хрватското хералдичко и вексилолошко друштво.

Делегација на МХЗ присуствуваше на годишното собрание на Бугарското хералдичко и вексилолошко здружение во Софија. ■



Секретарот Александар Гижаровски на средбата со претседателот на ХГЗД Жељко Хејмер /
Secretary Aleksandar **Gižarovski with HGZD president Željko Hejmer**

# ACTIVITIES OF MHS

**THE ACTIVITIES** of MHS since the previous issue were marked primarily by local heraldry. First, the initial draft of the municipal heraldry system of heraldic Coats of Arms and flags of the municipalities was written. Then, a standard competition announcement for new Coats of Arms was developed and offered to several municipalities. The new system was then first applied to the Municipality of Radoviš, which got new heraldic Coat of Arms, made by members of the MHS.

The civil association “Haemus” organized a lecture by the Herald of MHS Jovan Jonovski, titled “Arms of the Republic of Macedonia – a dilemma topic”. Another lecture and a workshop was organized in collaboration with the organization “Every student”, where students could learn about heraldry and make their first steps in creating Coats of Arms. An equal opportunity was presented to the children at a workshop organized by “SEND International”.

The secretary of MHS, Aleksandar Gižarovski visited “Pro Heraldica” in Stuttgart and one of it’s foremost contributors, Dr. Rolf Sutter. Also, Gižarovski visited the Heraldry Office of Lithuania, as well as the Croatian Heraldry and Vexillology Society.

A delegation of MHS attended this year’s meeting of the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society in Sofia. ■



**НАКРАТКО • IN BRIEF**




На самиот почеток на 2014 година, Македонското Хералдичко Здружение го промовираше новиот дизајн на својата веб-страница, изработен од Коста Стаматовски. Посетете нè на **heraldika.org.mk**

At the very beginning of 2014, the Macedonian Heraldry Society introduced a new design of it‘s website, created by Kosta Stamatovski. Visit us at **heraldika.org.mk**



Секретарот Гижаровски и Ролф Сутер од Pro Heraldica / Secretary Gižarovski andRolf Sutter of Pro Heraldica



Делегација на МХЗ на годишното собрание на Бугарското Хералдичко и Вексилолошко Здружение / A delegation of MHS at the assembly of the Bulgarian Heraldry and Vexillology Society



Секретарот Гижаровски заедно со Арвидас Каждаилис и Агне Раилаите - Барде при посетата на хералдичката канцеларија на Република Литванија / Secretary Gižarovski's visit of Lithuania's Heraldry Office, with Arvydas Každailis and Agne Railaite -Barde




Предавање „Грбот на Република Македонија - тема за дилема“ / Lecture „The Arms of the Republic of Macedonia - a dilemma topic“



Хералд Јоновски со хералдот на Кралскиот Дом на Југославија Љубодраг Грујиќ и Хералдот на Принцот Карaѓорѓевиќ, Ненад Јовановиќ / Herald Jonovski with the Herald of the Royal House of Yugoslavia Ljubodrag Grujić and the Herald of Prince Karađorđević, Nenad Jovanović



Предавање за хералдика во организацијата „Секој студент“ / Lecture at the premises of „Sekoj student“



Хералдичка работилница во организацијата „Секој студент“ / Heraldry workshop at the premises of „Sekoj student“

Во овој број ви ги претставуваме грбовите на двајца браќа лекари - Милан и Иван Нацевски, од Куманово.

Иван и Милан се синови на Војчо, син на Ѓурко и Совка од Тополовиќ, кратовско и Милица Арсовска, ќерка на Душан и Борјанка од которските Кокошиње и Павлешенци.

## ГРБ НА ИВАН НАЦЕВСКИ

**Штит**: На црно сребрен пегас со златни крила оружан златно. На црвено чело две златни дабови гранки со желад.

**Мантија**: црно со сребро

**Челенка**: Од златна круна црна коњска глава која во устата држи сребрен краток меч со златна дршка.

**Мото**: „Татковината - мое семејство"

**Хералд и емблазон:** Јован Јоновски по идеја на армигерот.




## ГРБ НА МИЛАН НАЦЕВСКИ

**Штит**: На црно сребрен пегас со златни крила оружан златно. На златно чело две маслинови гранчиња природни.

**Мантија**: црно со сребро

**Челенка**: Од златна круна пола црн пегас со златни крила.

**Мото**: „Aquila non capit muscas" (лат. „Орелот не фаќа муви")

**Хералд и емблазон**: Јован Јоновски по идеја на Иван Нацевски. ■




In this issue we present the Coats of Arms of two doctor brothers - Ivan and Milan Nacevski, from Kumanovo.

Ivan and Milan are sons of Vojčo, son of Gjurko and Sovka of Topolovikj, near Kratovo; and Milica Arsovska, daughter of Dušan and Borjanka from Kokošinje & Pavlešenci, Kotor area.

## BLAZON OF IVAN NACEVSKI

**Shield**: Sable, a Pegasus Argent winged crined and unguled Or, on a chief Gules two oak sprigs fructed Or.

**Mantling**: Sable doubled Argent

**Crest**: Issuant from a crest coronet Or a horse head coped Sable, holding in its mouth a dagger Argent hilted and pommelled Or.

**Motto:** „Tatkovinata - moe semejstvo" (mac. „The fatherland is my family")

**Herald and emblazon:** Jovan Jonovski upon the idea of the Armiger.

## BLAZON OF MILAN NACEVSKI

**Shield**: Sable, a Pegasus Argent winged crined and unguled Or, on a chief Or two olive sprigs fructed Proper.

**Mantling**: Sable doubled Argent

**Crest**: Issuant from a crest coronet Or a demi-Pegasus Sable winged crined and unguled also Or.

**Motto**: „Aquila non capit muscas" (lat. „An eagle doesn't catch flies")

**Herald and emblazon**: Jovan Jonovski upon the idea of Ivan Nacevski. ■

ISSN 1857-5544
9 771857 554008